**20250250565**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 57 став (2) од Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/06, 89/08, 171/10, 53/11, 69/13, 187/13, 43/14, 129/15, 39/16, 71/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21 и 199/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА СЕМЕ И САДЕН МАТЕРИЈАЛ ВО 2025 ГОДИНА

I

Со оваа програма се спроведува внесување на сорти на земјоделски растенија во националната сортна листа, постконтрола над производство на сертифициран семенски материјал и увезени партии на семе од земјоделски растенија и чување и одржување на семенски и саден материјал во ген банка.

II

Средствата од оваа програма во износ од 2.000.000,00 денари се обезбедуваат од:

| | **денари** |
|---|---|
| Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, Раздел 14001, Програма 5, Потпрограма 52, Категорија 46 - Субвенции и трансфери, Ставка 464 - Разни трансфери | **2.000.000,00** |

III

Средствата утврдени во дел II на оваа програма ќе се користат за:

| **Намена** | **денари** |
|---|---|
| 1. Финансиска поддршка за внесување на сорти на земјоделски растенија во националната сортна листа | **200.000,00** |
| 2.Финансиски средства за постконтрола на партии семе од домашно производство и увезени партии на семе | **1.000.000,00** |
| 3. Финансиски средства за функционирање на ген банки | **800.000, 00** |
| ВКУПНО | **2.000.000,00** |

IV

Средствата од дел III точка 1 на оваа програма во износ од 200.000,00 денари ќе се користат за:

| Намена | денари |
|---|---|
| - Испитување на сорти од разни видови на земјоделски растенија на отворено поле и заштитен простор | 80.000,00 |
| - Надоместок за работата на Комисијата за национална сортна листа | 60.000,00 |
| - Статистичка обработка на добиените резултати од испитувања на сортите | 60.000,00 |
| Вкупно | **200.000,00** |

Средствата од дел III точка 2 на оваа програма во износ од  1.000.000,00 денари ќе се користат за:

| Намена | денари |
|---|---|
| - Организирање на постконтрола во опитни полиња на репрезентативен примерок од партии на семе, вклучувајќи и увезени партии на семе | 1.000.000,00 |
| Вкупно | **1.000.000,00** |

Средствата од дел III точка 3 на оваа програма во износ од  800.000,00 денари ќе се користат за:

| Намена | денари |
|---|---|
| - Чување и одржување на семенски и саден материјал во ген банка | 800.000,00 |
| Вкупно | **800.000,00** |

V

Исплатата на средствата од оваа програма ја врши Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Исплатата на средствата од оваа програма се врши врз основа на:

а) договор што го склучува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство со правно лице за намените од дел IV став 1 алинеи 1 и 3  и ставови 2 и 3 од оваа програма и

б) решение на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство за намена од дел IV став 1 алинеја 2 од оваа програма.

VI

Средствата од оваа програма се неповратни.

VII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“ .

Бр. 50-310/5
4 февруари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.